ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 22-281/3**

**Дата: 09.02.2011**

## ДО

## ОПШТИНСКО СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ „НИКОЛА ШТЕЈН“ - ТЕТОВО

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општинското средно медицинско училиште „Никола Штејн“ - Тетово (во натамошниот текст ОСМУ „Никола Штејн“) на сметката на основен буџет на РМ за 2009 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај ОСМУ „Никола Штејн“ се случиле значителни оштетувања на компјутерската опрема примена со проектот „Компјутер за секое дете“ на Владата на РМ. Не е извршено сметководствено евидентирање на училишниот инвентар и лаптоп компјутери добиени од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество поради необезбедена проценка за вредноста на опремата.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се испита можноста за активирање на дел од оштетената компјутерска опрема додека за останатиот дел да се утврди одговорноста и донесе решение за бришење од сметководствената евиденција. Применоит училишен инвентар и лаптоп компјутери да се проценат и евидентираат на соодветните позиции во Билансот на состојбата.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на ОСМУ „Никола Штејн“ на сметката на основен буџет на РМ за 2009 година, биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на ден 31 декември, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ОСМУ „Никола Штејн“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ирфан Шабани, директор од 01.04.2004 до 17.08.2009 година
- Алит Деари, директор од 18.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОСМУ „Никола Штејн“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.11.2010 до 24.12.2010 кај ОСМУ „Никола Штејн“ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.12.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-158/5 од 31.12.2010 година.

### 3.1 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1 ОСМУ „Никола Штејн“ нема склучено договор со Министерството за образование и наука за примената компјутерска опрема во рамките на проектот „Компјутер за секое дете“. Основот за евидентирање, без склучен договор не е во согласност со член 54 и 54а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Одлуката на Владата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на јавните средни училишта во РМ од 29.12.2008 година.
Училиштето во текот на 2008 има примено информатичка опрема за потребите на реализација на проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“. Во текот на 2008 и 2009 година констатирани се значителни оштетувања на примената опрема. Поради ова, одговорните лица во училиштето, со претставници од МОН и МИО имаат извршено увид при што со записник е констатирано оштетување на компјутерска опрема во висина од 2. 852 илјади денари.
Поради големите оштетувања на опремата истата е повлечена од употреба и е складирана во магацинските простории на училиштето. Од страна на одговорните лица во училиштето не е поведена постапка за откривање и задолжување на лицата одговорни за оштетување на опремата со надомест за направената штета. Со пописот на 31.12.2009 година од страна на пописната комисија потврдени се горенаведените оштетувања на опремата, без да се предложи и изврши намалување на вредноста на оштетената опрема во сметководствената евиденција согласно член 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради ова оштетената опрема сеуште е евидентирана во сметководствената евиденција на училиштето иако истата не е во функција, што има за ефект нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојбата на ден 31 Декември 2009 година во висина на предизвиканата материјална штета која изнесува 2.852 илјади денари.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да ја обезбедат примената на донесениот Правилник за надомест на штета направена од страна на учениците врз компјутерите и да преземат активности за утврдување на можноста за

активирање на дел од оштетената опрема. За делот од опремата за кој ќе се утврди дека е неупотреблив да се изврши соодветно намалување на вредноста во сметководствената евиденција.

3.1.2 Во текот на 2008 и 2009 од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество училиштето има добиено 132 лаптоп компјутери и училишни клупи. Не ни беше презентирана документацијата за примопредавање на клупите поради што не бевме во можност да го утврдиме точниот број на примени училишни клупи. Поради необезбедена документација за вредноста на примената опрема истата не е сметководствено евидентирана заклучно со 31 декември 2009 година во согласност со член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Ваквата состојба има за ефект нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојбата на ден 31 декември 2009 година.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да преземат активности за обезбедување на потребната документација за утврдување на количината и вредноста на примената опрема и истата да се воведе во сметководствената евиденција на училиштето.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.1.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОСМУ „Никола Штејн“ на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесено во точката 3.1.1. и 3.1.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОСМУ „Никола Штејн“ – сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 02.02.2011 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1.________________
2.________________ ______________________
3.________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 781 | 744 |
| **Вкупно приходи** | 781 | 744 |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 781 | 744 |
| **Вкупно тековни расходи** | 781 | 744 |
| | | |
| **Вкупно расходи** | 781 | 744 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 43.908 | 43.908 |
| Материјални средства | 143.946 | 148.752 |
| **Вкупно постојани средства** | **187.854** | **192.660** |
| **Вкупна актива** | **187.854** | **192.660** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 187.854 | 192.660 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **187.854** | **192.660** |
| **Вкупна пасива** | **187.854** | **192.660** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **192.660** | **192.660** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **4.462** | **4.462** |
| Ревалоризација на капитални средства | 4.462 | **4.462** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **9.268** | **9.268** |
| Отпис на капитални средства | 3.466 | **3.466** |
| Амортизација | 5.802 | **5.802** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **187.854** | **187.854** |